Бр./Nr 12-1229/8
26-07-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предмет оформен врз основа на пријава со број 12-1229/1 од 22.03.2024 година, во која се изнесени сомневања за прекршување на одредбите од Изборниот Законик, односно дека од страна на директорот на Националната установа --------------------------, по распишување на парламентарните и претседателските избори 2024 година, е поднесен Предлог за покренување на дисциплинска постапка против административниот службеник -------------, кој е вработен во наведената Установа, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-1229/1 од 22.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 22.03.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени сомневања за прекршување на член 8-а од Изборниот Законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Подносителот во пријавата наведува дека директорот на -----------------поднел Предлог за покренување на дисциплинска постапка за извршен дисциплински престап во Националната установа.

Со цел утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ---------------------- со кое беше побарано да биде доставена целосна информација по однос на пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Директорот на --------------- на ден 20.03.2024 година, согласно членот 76 од Законот за административни службеници, член 4 од Правилникот за начинот на водење на дисциплинската постапка за дисциплински престап и образец за тајно гласање, член 12 став 2 алинеа 1, 7, 12 и 19 од Статутот на -----------------, а во врска со Предлог за поведување дисциплинска постапка бр. ---------- од 18.03.2024 година, има донесено Решение број 02---------- за формирање на Комисија за водење на дисциплинска постапка за утврдување дисциплинска одговорност против вработениот административен службеник ------------ распореден на работно место советник за финансиско и материјално работење заради сторени повреди на службената должност опфатени во член 73, став 1 точка од Законот за административни службеници (ЗАС):

-неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи член 73, став 1 точка 1 од ЗАС и

-незаконито располагање со материјалните и финансиските средства член 73, став 1 точка 5 од ЗАС.

На ден 04.06.2024 година дополнително беа побарани информации за статусот на спроведената постапка на дисциплинската постапка против наведеното лице, односно информација дали истата е завршена и информација за исходот од постапувањето.

Добиени се бараните информации и известуваат дека по предлогот за покренување на дисциплинска одговоност, директорот на ------------------, има донесено Решение бр. ---------- од 21.03.2024 година за запирање на постпапката до завршување на изборниот процес заради почитување на одредбите од член 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и член 8-а од Изборниот законик.

По завршувањето на изборниот процес, од страна на Комисијата за водење на дисциплинската постапка за дисциплински престап било донесено Решение за продолжување на дисциплинската постапка за дисциплински престап бр. -------- од 03.06.2024 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во доставеното известување од страна на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје наведено е дека по поднесено барање/претставка за инспекциски надзор од страна на Ангел Камчев до Државниот инспекторат за труд, на ден 19.04.2024 година бил извршен инспекциски надзор, за што бил составен и Записник бр.03-497/1, во кој Записник било констатирано дека не биле утврдени никакви непавилности во работењето на наведената Установа.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување, од причина што постапката за дисциплински престап била запрена се до завршување на Изборниот процес и притоа не е сторена повреда на член 8-а од Изборниот законик.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата